## Епизода 18: Кој е добар резултат ?

### Вовед:

**Добредојдовте на овој Магуш ИЕЛТС подкаст! Ова е епизода број 18.Во оваа епизода ќе дознаете повеќе околу сите можни ИЕЛТС резултати вклучително како секој дел од испитот е евалуиран и оценет и кој резултат се смета за добар во различни делови од светот. Како прво, Елиот и јас ќе дискутираме што различни резултати значат и малку повеќе околу тоа кој резултат ви е потребен според тоа кои се вашите академски и професионални цели.**

**Не заборавајте да ја посетите нашата интернет станица IELTS.Magoosh.com за повеќе материјали кои може да ги користите како одлични ресурси за да го подобрите вашиот IELTS вкупен резултат или во секо дел поединечно. Искористете го кодот “ieltspodcast” за да заштедите 20% од подготвителниот тест за ИЕЛТС.**

**Во ред. Ајде да почнеме!**

### Прв дел :

**Наоми:** Денеска ќе разговараме околу различните оценки кои може да ги добиете на тестот и што овие оценки значат.

**Елиот:** Откако ќе завршите со ИЕЛТС тестот ,истиот ќе биде евалуиран и ќе ви биде дадена оцена помеѓу 1 - 9 за секој дел од испитот поединечно и оцена во целост базирана на поединечните резултати.

**Наоми:** Епа ајде да почнеме. Елиот, дали можеш да им објасниш на слушателите што значи оцена 9? Како резултатите се калкулирани?

**Eliot:** Всушност тоа може да варира од дел до дел (можете да најдете по одделни информации на овој дел во рубриката Пишување и Зборување на нашиот вебсајт страница**—можете да го  најдете линкот подоле),** во  главно резултат од 9 на ИЕЛТС значи дека сте комплетно го владеете Англискиот јазик. Вие разбирате комплетно и не правите грешки при употреба на истиот. Вие сте експерт!

**Наоми:** Што значи оцена од 8 и дали е тоа слично со 9?

**Елиот:**  Резултат 8  е многу блиску до 9 и буквално значи дека говорите течно но правите мали грешки особено кога треба да зборите на ситуации кои се непознати за вас .Можеби не сте експерт но вие сте многу добри во зборување!

**Наоми:** Во ред ,јас ќе го објаснам резултатот од 7.Ова значи дека вие сте добри и правите грешки понекогаш. Разликата помеѓу резултат 7 и 8 значи дека доколку имате 8 вие правите грешки само во исклучително тешки ситуации на кои треба да говорите.

**Елиот:** Резултат од 6 значи дека вие сте компетентни корисници .Имате доволно познавање да комуницирате до некое ниво на комплексност и покрај тоа правите некои грешки. Со сигурност  ги знаете основите и како да се снаоѓате во повеќето ситуации.

**Наоми:** Резултат од 5 значи дека имате доволно познавање за употреба на Англискиот .Дефинитивно правите грешки при негова употреба и имате добро познавање во повеќето ситуации особено оние кои ви се добро познати на вас.

**Елиот:** Со резултат од 4,вие се сметате за корисник со лимитирано познавање. Вие разбирате, имате основно ниво на Англиски и покрај ова имате потешкотии да разберете што зборува вашиот соговорник и кога сакате да говорите.

**Наоми:** Резултат од 3 значи дека вие сте екстремно лимитирани во користењето на Англискиот јазик. Можете да разберете и говорите на степен од многу основни команди.

**Елиот:** Резултат од 2 значи дека за вас преставува потешкотија да препознаете ,разберете и комуницирате на англиски.

**Наоми:** Доколку добиете 1 значи вие немате способност за било каква комуникација и знаете неколку збора на англиски.

**Елиот:** Исто така можете да добиете и 0 и ова значи дека не сте ги одговориле прашањата воопшто ,но доколку не следите нас на нашата програма и вложите енергија и време да научите ова нема да ви се случи на вас.

**Наоми:** Во ред, сега кога знаеме што значат секој резултат поединачно, кој резултат им е потребен на студентите ?

**Елиот:** Тоа навистина зависи од школото или програмата на која планираат да се запишат. Повеќето универзитети ги имаат постирано резултатите на своите

веб страници и од тука студентите треба да имаат идеа кои резултат им е потребен. Резултатите може да варират во различни делови од светот.

**Наоми:** Ако планирате да аплицирате на универзитети во Австралија,на повеќето од нив би ви препорачале резултат од 7 (Универзитет од Сиднеј, Аделаида и Мелбурн ),но некои од програмите прифаќаат резултат  од 5,5.

**Елиот:** Во Канада ,на универзитетите во Алберта и Квинс за програми за додипломски  потребно е резултат од 6 а за постдипломски резултат од 7.

**Наоми:**Во Велика Британија постојат полесни програми и резултат од 6 или најмалку 5,5 на поединечна секција од испитот ИЕЛТС.

**Елиот:** Но доколку сакате да се запишете на некои престижни факултети како што се оние на Оксфорд тогаш ќе ви биде потребно најмалку 7 или 7,5 доколку се запишувате на некој пософистициран факултет.

**Наоми**: Пред да продолжиме со преостанатите ИЕЛТС резултати ајде да направиме пауза и му дадеме збор на Магуш.

## Најава:

**Кевин**: Дали сакате добри резултати на ИЕЛТС ?
Магуш може да ви помогне!

Тука може да најдете што Магуш програмата содржи:
· Детални видео лекции кои опфаќаат главен концепт и соджини на поединачни делови
· Преку 200 прашања кои ќе ви помогнат да се подготвите за испитот
· 24 часовен пристап до тимот или поединечни професори каде преку имаил може да ги контактирате и да одговорат на вашите прашања

Дали сте подготвени да го подобрите вашиот резултат и се запишете на универзитетот од вашите соништа? Одлично! Ние сме тука да ви помогнеме. Посетете на

ielts.magoosh.com и искористете го купонот со код “ieltspodcast” за да заштедите  20% на вашата ИЕЛТС подготовка.

Сега ајде да се вратиме каде што застанавме!

## Дел  2:

**Наоми:** Па Елиот доколку студентите сакаат да се запишат на универзитети во Обединетите Американски Држави кој резултат им е потребен ?

**Елиот:**  Владата на УСА е единствена без минимум потребен ИЕЛТС резултат и универзитетите имаат повисоки стандарди од останатите земји во светот.Во главно резултат од 7 ,но и резултат од 6,5 или 6 би ви бил доволен да се квалификувате за упис на повеќето школи во Америка.

Тука може да заклучиме дека доколку сакате да се запишете на некој од престижните универзитети било каде во светот би требало да се стремите кон резултат од 7.Но доколку вашиот избор е на универзитети кои не се помеѓу топ рангираните ,резултат од 6 па дури и 5 би можело да ви е доволен.

**Наоми:** Елиот, што правиме доколку некој не го постигне резултатот на кој с надевал? Дали имаш некој информации околу тоа како може да го подобриме ИЕЛТС резултатот?

**Елиот:** Се разбира! Доколку вашиот ИЕЛТС резултат не доволно добар ,ваша прва опција е да го повторите испитот идеално откако ќе се подготвите за истиот соодветно.

Ова не е ваша единствена опција. Исто така вие можете да го контактирате универзитетот на кој планирате да аплицирате и дознаете дали и покрај тоа што вашиот резултат е понизок од тој кој тие го бараат. Понекогаш оделот за прием на универзитетот може да е флексибилен околу тоа особено доколку имате високи оцени стекнати во тек на вашето образование и професионално искуство .

**Наоми:** Тоа има добра смисла. Исто така може да се размислува за упис на друг универзитет кој има пониски критериуми за ИЕЛТС, така ?

**Елиот:** Да тоа е опционално. Дополнително доколку не сакате да го повторите ИЕЛТС испитот можете да пробате со испитот ТОФЕЛ. Постои дилема и сеуште не е разјаснето кој од овие два испита е полесен и некои кандидати имаат повеќе среќа со ТОФЕЛ и вие би можеле да размислувате и му дадете шанса на истиот.

Доколку го полагате ИЕЛТС испитот за имиграција проверете пред да аплицирате за виза кој тип на ИЕЛТС ви е потребен и дали постои друг тип виза која не бара од вас високи резултати.

**Наоми:** се звучи добро...но што правиме доколку имаме резултат од 5 и не сме добар кандидат за повеќето универзитети или доколку имаме уште пониски резултати 4 или под него, би било тешко да се добие било каква виза воопшто. Како може кандидатите да ги подобрат своите резултати?

**Елиот:** Под ова прашање постојат повеќе сугестии. Доколку сакате подобри резултати потребно е да вежбате Англиски колку што можете повеќе. Читајте

Англиски веб страници, магазини и книги. Гледајте Англиски ТВ престави. Зборувајте со ваши познати на Англиски колку што можете повеќе .Ова навистина ќе го подобри вашиот резултат на тестот.

Исто така запознајте се со тестот и видот на прашања ,потребното време во кое треба да ги одговорите прашањата. Бидете колку што можете повеќе запознаети со форматот на аудио лентите кои ќе се дел од ИЕЛТС слушање .Колку подобро знаете за тестот толку подобро ќе се справите со стресот на денот на испитот.

**Наоми:** Дали би помогнало доколку некој кој знае Англиски како што се пријател или професор направи проверка на вашиот есеј или вашето говорење?

**Елиот**: Да тоа е навистина добра сугестија. За ова треба да одберете некој кој е компетентен и на кого можете да му верувате..

Исто така треба да најдете листа со зборови на академско ниво и да вежбате со истата и ги применувате истите кога комуницирате и пишувате на англиски. Само познавање на значењето на зборот не е доволно за добивање на високи оцени на ИЕЛТС, потребно е истите да ги употребите во соодветен контекст.

**Наоми:** И најбитно не заборавајте да се добро погрижите за себе си на денот на тестот! Во повеќето случаеви студентите добиваат пониски резултати од очекуваното од причини како физичка премореност. Можеби сте уморни, гладни или болни .Бидете сигурни да не дозволите ова да ви се случи вам и

пробајте да се одморите и јадете пред испитот. Пробајте да се релаксирате пред истиот .Ова може да придонесе  до подобри резултати  кои ќе направат голема промена во целост!

**Елиот:** Дефинитивно. Од ова може да заклучиме дека добар резултат на ИЕЛТС може да зависи од  тоа на кој студии или програми сакате да се запишете и доколку имате оцена 7 вие сте во добра форма.

**Наоми:** И доколку имате резултат од само 5, вие ќе мора да го преполагате истиот или да размислете за други опции  но не се нервирајте премногу бидејќи постојат многу опции како може да го подобрите вашиот ИЕЛТС резултат.

Одјава

**Па што мислите? Доколку ви е потребно повеќе пракса проверете ги нашите забелешки од скриптата и линковите од оваа епизода и за ресурсите кои ви се на располагање и ние ги споменавме.**

**Ох, да не заборавиме!  Ние сеуште сме во потрага од волонтери кои ќе ни помогнат нам да ја преведеме содржината од нашата емисија од Англиски на јазикот кој вие го говорите. Доколку сте заинтересирани ве молам да ме контактирате на мојот и-мејл naomi@magoosh.com со “translation,”  во насловот и известете ме на кој јазик би можеле да го извршите преводот!**

**Ви благодариме што не слушавте! Доколку ви се допаѓа  содржината на нашата програма  помогнете ни со вашите коментари и рангирајте на Apple Podcasts,или каде и да не слушавте –ова ќе им помогне на луѓето да не пронајдат! И не заборавајте да се претплатите на нашата веб станица .До следно слушање! Ова е Наоми од Магуш и ви посакувам успешно учење!**